ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-167/12**

**Дата: 27.12.2010**

ДО

# ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ЦЕНТАР, СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Основното училиште „Гоце Делчев“-Центар, Скопје (во понатамошниот текст ОУ „Гоце Делчев“- Центар, Скопје) на сметката на буџет од донации за 2009 година .

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Со ревизијата не утврдивме материјално погрешни прикажувања кои би имале ефекти врз финансиските извештаи, поради што ние изразивме позитивно мислење во врска со реалноста и објективност на финансиските извештаи, како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

# 1. Вовед

**1.1.** Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 до 7 заедно со ревизија на усогласеност на ОУ„Гоце Делчев“-Центар, Скопје на сметката на буџет од донации за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декамври, биланс на приходи и расходи за годината која е предмет на ревизија и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

**1.2.** Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

**1.3.** Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на ОУ„Гоце Делчев“-Центар, Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

**1.4.** Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Цвета Мишевска, директор од 18.03.2009 година, и пред тоа како ВД директор, од 18.01.2008 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ОУ„Гоце Делчев"-Центар, Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските

извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.
Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.10.2010 година до 29.10.2010 година од тим на Државниот завод за ревозија.

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 01.11.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-167/6 од 22.11.2010 година.

## 3. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење , финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ОУ„Гоце Делчев“-Центар, Скопје на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со законите и прописите

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ОУ„Гоце Делчев“-Центар, Скопје, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Прифатени и корегирани состојби во Билансот на состојба, од страна на ОУ„Гоце Делчев” –Центар, Скопје**

Во периодот на вршење на ревизијата, на предлог на ревизијата ОУ„Гоце Делчев”- Центар, Скопје изврши корекција во Билансот на состојба на позицијата материјални средства и извори на капитални средства. Корекциите се за капитални инвестици кои ја зголемуваат вредноста на зградата за направената реконструкција (менување на подови) во вкупен износ од 202 илјади денари и докнижување на 18 илјади денари за платено ДДВ за опремата која е евидентирана само во висина на донираниот износ од Холандскиот грант. Првата корекција е спроведена на сметката на расход на дотации – 782010317490310 каде се водат материјалните средства – градежни објекти. Корекцијата е спроведена со налог за книжење бр. 2 и 3 од 29.10.2010 година..

Скопје, 23.12.2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| | | |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 270 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **270** | **0** |
| | | |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 270 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **270** | **0** |
| | | |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **270** | **0** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Вкупно тековни средства** | **0** | **0** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 108 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **108** | **0** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **108** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 108 | 0 |
| Ревалоризациона резерва | 0 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **108** | **0** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **108** | **0** |

| ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | - | - | - |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **126** | - | **126** |
| Набавки | 104 | - | **104** |
| Корекции спроведени од страна на ревизијата за зголемување на опрмата за износот на ДДВ | 18 | | **18** |
| Ревалоризација на капитални | 4 | | **4** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **18** | - | **18** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 18 | | **18** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **108** | - | **108** |